Ново срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 129, Дата: 30. 04. 2012.**

## Најголемата жртва



Ова е вистинска приказна за жртвата на една мајка, за време на земјотрес во Јапонија.

Откако земјотресот стивнал, спасувачите успеале да стигнат до урнатините на една куќа и таму забележале тело на една млада жена.

Но нејзиното тело било чудно поставено; Таа била потпрена на колената, со лицето навалено на напред. Рацете и биле склопени пред неа, како да коленичи или се моли. Еден дел од куќата се срушил врз нејзината глава и грбот и така и останал да ја натиска.

Со многу напор и потешкотии, водачот на спасувачкиот тим, успеал да се протне низ еден процеп на ѕидот и да стигне до телото на жената. Тој се надевал дека оваа жена можеби сеуште е жива. Сепак, ладното и укочено тело му покажало дека таа со сигурност е мртва. Тој и остатокот од тимот заклучиле дека е бесполезно да ја откопуваат и одлучиле да ја напуштат куќата и да продолжат со пребарување на следната зграда. Сепак, од некоја необјаснива причина, водачот на тимот бил потикнат и воден од некоја чудна мисла, пак да се врати назад и уште еднаш да го провери телото на мртвата жена. Тој повторно се протнал низ тесниот процеп на урнатините на куќата, за да стигне до нејзиното тело. Одеднаш, тој извикал од возбуда: "Дете! Овде има дете!"

Целиот тим се дал на работа и сите заедно, внимателно ги отстранувале купиштата од бетон и блокови, натрупани околу телото на мртвата жена. Под нејзиното безживотно тело, успеале да најдат тримесечно машко бебе, завиткано во шарено ќебе. Очигледно, мајката ја направила најголемата жртва, за да го заштити нејзиниот син: кога нејзината куќа почнала да се руши, таа го употребила своето тело како штит, готова и да загине, само за да го спаси тоа мало, беспомошно бебе. Тоа било сеуште живо и спиело мирно, кога водачот на тимот го зел во своите раце. Веднаш бил повикан и доктор, за да го прегледа бебето. Кога го одвиткале ќебето, пронашле еден мобилен телефон, завиткан со бебето. На екранот на телефонот имало текстуална порака. Мајката запишала: "Ако преживееш, не смееш никогаш да заборавиш дека те сакам." Овој мобилен телефон бил предаван од рака на рака и секој што ќе ја прочитал пораката, плачел. Сите биле трогнати од љубовта на мајката, кон нејзиното дете.

Со сигурност, ниту еден од нас не може да остане рамнодушен на ваква пожртвувана љубов. Да го дадеш својот живот за оној што го љубиш, е најголем израз на љубов. Во Библијата е запишано: *„Никој нема поголема љубов од оваа: да го положи сопствениот живот за своите пријатели.“* (Јован 15:13). Па сепак, Божјата љубов оди и еден чекор подалеку; Апостол Павле појаснува: *„За праведник одвај некој ќе умре, а за добриот можеби некој и ќе се осмели да умре. Но Бог ја покажа Својата љубов кон нас со тоа, што Христос умре за нас, додека уште бевме грешници.“* (Рим. 5:7:8). Да и Христос го жртвуваше својот живот на крстот, за мене и тебе, иако ние бевме Негови непријатели. И Тој остави порака:
*„Како што Таткото Ме возљуби Мене, така и Јас ве возљубив вас. Останете во Мојата љубов! Ќе останете во Мојата љубов, ако ги запазите Моите заповеди“* (Јован 15:9-10).

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**